ТСЖ.бр.31/...

**АПЕЛАЦИОНИОТ СУД** ), во совет составен од судиите м-р - претседател на советот, м-р и членови на советот, постапувајќи по барањето за определување на минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност на должникот Општина -с. ), а одлучувајќи по жалбата на должникот изјавена преку полномошникот адвокат од ), против решението на Основниот суд ИДС-12/23 од 10.03.2023 година, на нејавната седница на советот одржана на ден 03.05.2023 година, го донесе следното

18.05.2023

**Р Е Ш Е Н И Е**

пр 743/2

**ЖАЛБАТА** на должникот Општина изјавена преку полномошникот адвокат од ), **СЕ УВАЖУВА.**

**РЕШЕНИЕТО** на Основниот суд ) ИДС-1 23 од 10.03.2023 година, **СЕ ПРЕИНАЧУВА и СЕ ОДЛУЧУВА:**

**БАРАЊЕТО** на должникот Општина , за определување на месечни минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност на должникот, **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ** месечни минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност на должникот Општина ), согласно член 218 од Законот за извршување, врз кои не може да се спроведе извршување од страна на трезорската сметка при НБ на РСМ над должникот во износ од 4.478.294,00 денари од кои износ од 2.510.668,00 денари за плати и надоместоци на вработените и привремено вработените и надоместоци за советници, како и износ од 1.967.636,00 денари кои се однесуваат за други средства потребни за нормалното функционирање се додека трае постапката за извршување спрема должникот Општина , од доверителот Друштво за производство, трговија и услуги ЉАМА ГРОУП ДООЕЛ Визбегово, Скопје, а по налогот И.бр.86/23 од 09.02.2023 година издаден од извршител од

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд со обжаленото решение, барањето со предлог за определување на минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност, односно задачи на должникот Општина од с.Желино, а поднесен од должникот Општина согласно член 218 од ЗИ, го одбил како неосновано.

Против ваквото решение, навремена жалба поднесе должникот преку неговиот полномошник, поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи и обжаленото решение да се преиначи, така што ќе се усвои барањето на должникот за определување на минимални средства за вршење на дејноста на должникот или решението да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување пред првостепениот суд.

Одговор на жалба не е поднесен.

Апелациониот суд , испитувајќи го обжаленото решение, согласно член 351, 354 и 371 од ЗПП, како и член 10 од ЗИ, ценејќи ја жалбата како и списите во предметот, најде дека,

Жалбата на должникот е основана.

Основан е жалбениот навод за сторени суштествени повреди на одредбите од парничната постапка.

Овој суд го испитуваше решението во границите на жалбените причини, а по службена должност внимавајќи на сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка од член 343 став 2 точки 1, 2, 3, 5, 10, 11, 13, 14, 15, 16 и 17 од ЗПП, најде дека со донесувањето на обжаленото решение сторена е суштествена повреда на одредбите од парничната постапка, бидејќи решението е нејасно, неразбирливо, противречно, без доволно образложени причини за одлучните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, поради што истото не може со сигурност да се испита.

Имено, претседателот на првостепениот суд утврдил дека должникот Општина од до Претседателот на Основниот суд доставил барање со предлог за определување на минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност, односно задачи на должникот поднесен согласно член 218 од ЗИ. Одлучувајќи по барањето за определување на месечни минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност врз кои не може да се спроведе извршување, а имајќи ги предвид приложените докази, ВД Претседателот на судот поднесеното барање го одбил како неосновано. Според првостепениот суд тргнувајќи од одредбите од член 208, 210 и член 218 од Законот за извршување, а имајќи го предвид вештачењето на вештото лице изготвено за определување на потребен месечен минимум на средства за вршење на основните задачи на должникот се применува член 208 од Законот за извршување при што согласно упатството за начинот на извршување на налозите за извршување кои ја задолжуваат трезорската сметка односно сметката на должникот Општина која се наоѓа во рамките на трезорската сметка лимитот над кој може да се спроведе извршување од сметката на должникот- буџетскиот корисник го определува трезорот согласно одредбите од наведеното упатство.

Предмет на оценка на овој суд беа жалбените наводи за тоа дека првостепениот суд погрешно констатирал дека во конкретниот случај се применува само член 208 од Законот за извршување, притоа согласно упатството за начинот на извршување на налозите за извршување кој ја задолжуваат трезорската сметка, односно сметката на должникот Општина која се наоѓа во рамките на трезорската сметка, лимитот над кој може да се спроведе извршување од сметката на должникот - буџетскиот корисник го определува трезорот согласно одредбите од наведеното упатство, врз основа на што барањето на должникот за определување на лимит го одбил како неосновано. ВД Претседателот на првостепениот суд иако го извел како доказ вештиот наод и мислење од вештото лице од , истото нецелосно го анализирал, а тоа што вештото лице вештиот наод и мислење го

изготвил согласно извршен увид во книговодствената документација и евиденција на должникот Општина , а согласно Упатството за начинот на извршување на налозите за извршување која ја задолжуваат трезорската сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорската сметка како и средствата потребни за најниско минимално ниво на функционирање на должникот Општина , односно опфатени се сите потребни средства за нормално функционирање на месечно ниво на должникот Општина , во износ од 4.478.294,00 денари без кои средства истиот не може нормално да функционира. Во конкретниот случај, провстепениот суд не го имал во предвид фактот дека барањето за определување на месечни минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност на должникот е поднесена од единица на локална самоуправа која согласно член 22 од Законот за локална самоуправа има бројни надлежности наброени во истиот член, а воедно и обврска за исплата на плати и надоместоци на вработените, привремените вработувања, надоместоци на советниците и друго, како и товарот на докажувањето, кое барателот за определување на лимит со барањето го доставил и вештачењето изготвено од вештото лице и согласно методологијата утврдил колку средства се неопходни за нормално функционирање на должникот, а без определување на месечните минимални средства кој се неопходни за вршење на основна дејност и задачи на Општината, а согласно член 218 од Законот за извршување би останало незаштитено и не може нормално и навремено да ги извршува работните задачи во интерес на граѓаните и да им ги исплатат личните примања на вработените, додатоците на советниците, како и други тековни обврски.

Овој суд ги ценеше ваквите жалбени наводи и истите смета дека се основани.

Имено, согласно член 208 од Законот за извршување, - Извршување заради остварување на парично побарување спрема правно лице може да се спроведе врз сите расположливи средства на неговите сметки кај носителите на платен промет каде што должникот има сметки. Согласно член 210 став (1) од истиот закон - Извршителот со налогот за извршување назначува еден од носителите на платен промет каде што се водат доверителовите и должниковите парични средства, бројот на доверителовата и должниковата сметка и нивните потсметки доколку ги има, доверителовиот и должниковиот даночен број или ЕМБГ и долгуваниот износ. Според став (2) од истиот член - Со налогот за извршување врз парични средства што се водат на сметка на должникот кај носителот на платен промет, на носителот му се наложува паричниот износ за кој е наложено извршување да го пренесе од сметките на должникот на сметката на извршителот предвидена во членот 36 став (5) од овој закон. Според став (3) од истиот член - Налозите за извршување кои ги задолжуваат трезорските сметки, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорските сметки, носителот на платен промет ги извршува на начин што врз основа на налозите за извршување изготвува налози кои ги доставува до Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување каде што на должникот му се води сметката. Според став (4) од истиот член - Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување налозите од ставот (3) на овој член ги извршува согласно со овој закон и согласно со

прописите за платен промет. Според став (5) од истиот член - Извршителот е должен да го достави налогот за извршување до должникот, откако налогот за извршување врз средства на сметката на должникот е евидентиран кај носителот на платен промет. Во членот 218 став (1) од истиот закон е определено дека - Врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи. Според став (2) од истот член, - Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба.

Имајќи ги предвид погорецитираните законски одредби, неспорно може да се заклучи дека Претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршувањето е овластен согласно член 218 став (1) и (2) од Законот за извршување да определи кои предмети се неопходни за вршење на дејноста на субјектите - правни лица наведени во истата одредба без оглед на тоа што во налогот за извршување од страна на надлежен извршител е назначен носителот на платен промет, паричниот износ кој треба да се пренесе од сметкатата на должникот на сметка на извршителот и начинот на извршувањето на налогот од страна на носителот на платен промет. Од друга страна, пред донесувањето на решението по предлогот за извршување врз подвижни средства на Република Северна Македонија, судот треба да утврди дали тие средства се неопходни за вршење на нивните основни задачи. Поради тоа, со самиот факт што извршителот, налогот за извршување врз паричните средства што се водат на сметка на должникот кај носителот на платен промет го донел согласно член 210 од Законот за извршување, не значи дека извршувањето може да се спроведе и врз парични средства кои се неопходни за вршењето на дејноста на Република Северна Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и дека претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршувањето не е овластен согласно член 218 од Законот за извршување да определува кои се тие средства.

Согласно погоренаведеното, како и видно од вештиот наод и мислење на вештото лице судски вештак од економска област од Тетово, од 24.02.2023 година, овој суд смета дека барањето за определување на минимални средства за вршење на дејности и задачи поднесено од должникот Општина ...... е основано, па согласно член 218 од Законот за извршување, одлучи како во изреката на ова решение, бидејќи во конкретниот случај се утврдува дека месечниот паричен износ на средства, кои се неопходни и потребни за нормално функционирање и извршување на дејноста на должникот Општина ), изнесуваат 4.478.294,00 денари, кои средства се потребни за покритие на тековните оперативни расходи од работењето на месечно ниво. Врз основа на сето погоренаведено, овој суд го преиначи првостепеното решение и определи месечни минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност на должникот Општина ), с.) , а согласно член 218 од Законот за извршување, врз кои не може да се спроведе извршување од страна на трезорската сметка при НБ на РСМ над

должникот во износ од 4.478.294,00 денари, се додека трае постапката за извршување спрема должникот Општина с , од доверителот Друштво за производство, трговија и услуги ЉАМА ГРОУП ДООЕЛ Визбегово, Скопје, а по налогот И.бр.86/23 од 09.02.2023 година издаден од извршител од ).

Од овие причини, согласно член 370 точка 3 од ЗПП, в.в. со член 10 и 87 став 7 од Законот за извршување, следуваше да се одлучи како во изреката.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД , ТСЖ.бр.31/23 од 03.05.2023 година.**

**Претседател на совет-судија**
**М и с.р.**

...верноста на преписот со изворникот го потврдува РАКОВОДИТЕЛОТ НА СУДСКА ПИСАРНИЦА

...me origjinalin e vërteton
UDHËHEQËSI I SEKRETARISË GJYQËSORE